До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање на мислење за судир на интереси.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го утврдува значењето на поимот „судир на интереси“:
„(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.“

Согласно член 72 став (1) и (2) и член 75 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидено како секое службено лице треба да постапува во ситуација кога ќе се најде во состојба на судир на интереси и тоа:
Член 72 став (1) и (2)
„(1) Службеното лице во своето работење е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.
(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.“
Член 75 став (1)
„(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.“

Со член 100 од Закон за здравствената заштита ("Службен весник на РМ" бр.43/12, бр.145/12, Одлука од Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 59/2002 од 24 април 2013 година, бр. 65/13, бр.87/13, бр. 164/13, бр.39/14, бр.43/14, Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 69/2012 од 11 јуни 2014 година, бр. 101/14, бр.132/14, бр.188/14, бр.10/15, бр.61/15, бр.154/15, бр.192/15, бр.17/16, бр.37/16, Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр. 49/2016 „Службен весник на РМ" бр. 93/17, бр.20/19, бр.101/19, бр.153/19,бр.180/19, бр.275/19, Автентично толкување на членот 161 став (1) од Законот за здравствената заштита бр.275/19, "Службен весник на РСМ" бр.77/21, бр.122/21, бр.178/21, бр.150/22, бр.236/22, бр.199/23, бр.263/23, бр.30/24, бр.74/24 и бр.170/24) е пропишана надлежноста на членовите на Управниот одбор на јавна здравствена установа:

„Член 100

(5) Управниот одбор го донесува статутот на установата, донесува одлука за промена на дејноста и за другите статусни измени (поделба, издвојување, спојување и припојување), го усвојува извештајот за работа, ја донесува програмата за работа и финансискиот план, ја утврдува завршната сметка, **донесува општи** акти и го следи нивното извршување и врши и други работи утврдени со закон, актот за основање и статутот на јавната здравствена установа.

(6) Одлуката за промена на дејноста и за другите статусни измени (поделба, издвојување, спојување и припојување) од ставот (5) на овој член управниот одбор ја донесува по претходна согласност на основачот.

(7) Начинот на изборот на членовите на управниот одбор, траењето на мандатот и начинот на одлучувањето се уредуваат со статутот на јавната здравствена установа.

(8) При изборот на членовите на управниот одбор се применува принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници во Република Македонија."

Имајќи ги во предвид горецитираните одредби, Државната комисија е на став дека во конкретниот случај од поставеното барање постои потенцијален судир на интереси при извршувањето на јавните овластувања од страна на лицето – доктор по професија, вработен во приватна здравствена установа и член на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом.

Имено, во надлежност на Управниот одбор е усвојување на извештајот за работа, донесување програма за работа и финансиски план, утврдување завршна сметка, донесување општи акти и следење на нивното извршување, како и вршење други работи утврдени со закон и статут.

Во исто време, сопругата на наведеното лице има добиено под концесија простор и опрема од ЈЗУ Здравствен дом за вршење аптекарска дејност, врз основа на склучен договор со истата здравствена установа.

**Соласно наведеното, ДКСК укажува дека лицето е должно да го информира Управниот одбор за деловниот однос на неговиот брачен другар со ЈЗУ Здравствен дом и задолжително да побара иземање од секое одлучување, расправа или потпишување акти во врска со конкретното правно лице што е во сопственост на неговата сопруга.**

Постапувањето спротивно на наведеното, односно учеството во одлучување во ситуации каде постои приватен интерес, претставува повреда на начелата на интегритетот и основа за поведување постапка за утврдување одговорност согласно член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Во оваа насока, потребно е лицето да постапува согласно наведените одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, имајќи ги предвид и следните одредби од истиот закон:
Член 4 - Начело на интегритет:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**